Асоцијација на Ивент Индустрија - ИВАП
ул. Никола Парапунов, бр. 33/28,1000 Скопје
контакт: +389 75 380 157

Врз основа на член 48 од Законот за здруженија и фондации(Сл. Весник на РМ 52/10 од 16.04.2010 година) Управниот одбор на Асоцијацијата за остварување на заеднички интереси и унапредување на работењето на компаниите во областа на евент индустријата - АСОЦИЈАЦИЈА НА ЕВЕНТ ИНДУСТРИЈА – ИВАП Скопје на ден 29.06.2020 година во Скопје, донесе:

# О Д Л У К А

## за висина и начин на плаќање на годишните обврски по основ на членарина во Асоцијацијата за остварување на заеднички интереси и унапредување на работењето на компаниите во областа на евент индустријата - АСОЦИЈАЦИЈА НА ЕВЕНТ ИНДУСТРИЈА – ИВАП Скопје

На 04.06.2020 година Собранието донесе одлука за висина на членарина и таа ќе изнесува 10.000 денари

**Член 1**

Врз основа на одлуката на Собранието за висината на чланарината, Управниот одбор одлучи истата да се плаќа по добивање на фактура на почетокот на календарската година а рокот за нејзино плаќање е до средината на февруари во тековната година, односно до одржувањето на редовното Годишно Собрание.
Членовите кои нема да ја подмират годишната чланарина, можат по одлука на Собранието да бидат исклучени од ИВАП Скопје.

**Член 2**

Управниот одобор донесе одлука висината на годишна чланарина за новопримените членови на ИВАП Скопје да се пресметува скалесто во зависност од месецот или периодот кога настанува почетокот на членството во тековната година и тоа:

- За членство во првиот квартал од годината, годишната чланарина да изнесува 10.000 денари, т.е полн износ на чланарината
- За членство во вториот квартал од годината, годишната чланарина да изнесува 7.500 денари, т.е 3/4 од полниот износ на чланарината
- За членство во третиот квартал од годината, годишната чланарина да изнесува 5.000 денари, т.е половина од полниот износ на чланарината
- За членство во четвртиот квартал од годината, годишната чланарина да изнесува 2.500 денари, т.е 1/4 од полниот износ на чланарината

**Член 3**

За новопримените членови на Асоцијацијата ИВАП ќе се пресметува уписнина во износ од половина од годишната чланарина т.е 5.000 денари
Овој изност се плаќа веднаш по приемот во Асоцијацијата и останува ист без ралика на периодот и месецот на прием.

**Член 4**

Управниот одобор донесе одлука висината на годишна чланарина за 2020 година за основачите на ИВАП Скопје да биде 5.000 денари.

Асоцијација на Ивент Индустрија - ИВАП
ул. Никола Парапунов, бр. 33/28,1000 Скопје
контакт: +389 75 380 157

Износот на членарината членките ќе го платат на најмногу две рати со рок на доспевање на 31.12.2020 година.
Членките кои се основачи на Асоцијацијата ИВАП Скопје солидарно ќе ги подмират и трошоците за регистрација на Здружението а по претходно добиена фактура со спецификација на трошоците од овластен регистрационен агент.

**Член 5**

Овој Акт влегува во сила на денот на донесувањето.

Скопје, 29.06.2020

За Асоцијација за остварување на заеднички интереси и унапредување на работењето на компаниите во областа на евент индустријата -
**АСОЦИЈАЦИЈА НА ЕВЕНТ ИНДУСТРИЈА ИВАП Скопје**

Асоцијација за остварување на заеднички интереси и унапредување на работењето на компаниите во областа на ивент индустријата - АСОЦИЈАЦИЈА НА ИВЕНТ ИНДУСТРИЈА ИВАП Скопје

Претседател Маја Бабиќ